# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ



# 2009

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

## ЗА НАС

Центарот за граѓански комуникации е формиран во април 2005 година, како невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и да ја развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, да ги анализира и да ги унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.

Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинг, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.

### Целни групи

Нашите активности пред сè се насочени кон јавните и државните институции и организации на централното и на локалното ниво, кон новинарите, медиумите, деловните субјекти и нивните асоцијации. Освен претставниците на целните групи, како корисници на нашите услуги се јавуваат и граѓаните кои, во крајна линија, треба да ги чувствуваат благодетите и резултатите од успешното спроведување на нашите активности, пред сè – намалувањето на корупцијата во Македонија, со што ќе се овозможат поквалитетни и поевтини услуги, поголема конкуренција, владеење на правото, натамошна демократизација и подигнување на општото ниво на животниот стандард и благосостојбата на населението.

### Структура

Органи на управување и раководење на Центарот за граѓански комуникации се Собрание, Извршен одбор и Претседател на Извршниот одбор.

Собранието ги донесува, ги изменува и ги дополнува Статутот и програмата за работа, усвојува Годишен извештај за работа, завршна сметка и финансиски план, избира и разрешува членови на Извршниот одбор и др.

Извршниот одбор изработува и предлага измени на Статутот, ги спроведува политиката на здружението, статутарните задачи и одлуките на Собранието, изработува годишна програма и извештај за работата, донесува правилници и други документи, управува со имотот и др. Извршниот одбор одговара за својата работа пред Собранието.

Претседателот на Извршниот одбор е воедно и претседател на здружението. Тој е работоводен орган, ја води и ја организира тековната работа и одговара пред Извршниот одбор. Потписник е на сметката на здружението и овластува и друг член како втор потписник. Одговорен е за извршување на финансискиот план и на програмата за работа, го претставува здружението, склучува договори во име и на сметка на здружението и др.

### Партнерства

Во своето работење, Центарот за граѓански комуникации има воспоставено неколку партнерства и долгогодишни соработки со домашни и со странски организации.

Во 2009 година е склучено партнерство со невладините организации НВО Инфоцентар од Скопје и ЕХО од Штип, за заедничко спроведување на Проектот на УСАИД за транспарентно локално владеење. Во рамките на овој проект, трите партнерски организации имаат потпишано меморандуми за соработка со градоначалниците на првите четири општини кои влегуваат во пилот-фазата на проектот: Штип, Струмица, Виница и Свети Николе.

Во 2008 година е склучено партнерство со Романскиот центар за истражувачко новинарство, за заедничко спроведување на проектот за намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и од Романија.

Во извршувањето на своите активности, Центарот остварува тесна соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата, со Бирото за јавни набавки, со Балканската истражувачка мрежа (БИРН), со Стопанската комора на Македонија, со Сојузот на стопански комори и др.

Во рамките на Центарот за граѓански комуникации функционира и мрежа на истражувачки новинари од Македонија, во која членуваат водечки истражувачки новинари што поминале низ обуките на Центарот и со кои центарот редовно соработува.

### Кадар

Центарот за граѓански комуникации има тројца вработени со полно работно време и петмина постојани соработници (правни, економски и антикорупциски експерти). Освен вработените и постојаните надворешни соработници, Центарот соработува и со низа експерти од разни други области. Тимот на Центарот за граѓански комуникации го сочинуваат: Герман Филков (претседател), Сабина Факиќ (раководител на проекти) и Елена Ристевска (финансиско-административен асистент).

Филков е поранешен новинар и уредник, со огромно искуство во областа на економијата, медиумите и комуникациите. Има завршено економски факултет и магистерски студии од областа на економијата, а моментално е докторант во истата област. Има остварено бројни посети и престои за професионални усовршувања во странство, меѓу кои едногодишна специјализација за комуникации на Факултетот за новинарство во Мисури. Својата долгогодишна работа како новинар кој известуваше за најзначајните транзициски случувања во Македонија ја продолжи како тренер на новинари, тренер за односи со медиумите и како истражувач на полето на корупцијата.

Факиќ е исто така поранешна новинарка и главна уредничка на највлијателниот медиум во земјава, со огромно искуство во областа на економијата, медиумите и комуникациите. Има завршено економски факултет и моментално посетува магистерски студии по економија. Своето плодно медиумско искуство како долгогодишен новинар и уредник го продолжува како истражувач, раководител на истражувања, тренер на новинари и тренер за односи со медиумите. Има посетувано бројни обуки за професионално усовршување, меѓу кои и Меѓународната лидерска програма на американскиот Стејт Департмент.

Елена Ристевска е студент на завршната година по новинарство. Има посетено бројни обуки за административно-финансиско работење, за работа на проекти, буџетирање, застапување и сл. Исто така работи и на администрирање на интернет-страницата на Центарот.

Тимот од постојани надворешни соработници на Центарот, меѓу другите, го сочинуваат: Вања Михајлова, домашен и регионален антикорупциски експерт, поранешен член на Државната комисија за спречување на корупцијата, Мирослав Трајановски, правен експерт и експерт по јавни набавки, еден од креаторите на законските решенија од оваа област, Дарко Јаневски, правен и водечки експерт по електронски набавки, Игор Мојаноски, правник и помлад истражувач, и Дамјан Шишковски, правник и помлад истражувач.

www.ccc.org.mk

# ЗАСИЛУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА (2008-2009)

*Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унапредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави, преку Институтот за трајни заедници.*




Имајќи ги предвид опфатот, обемот и начинот на мониторирање, станувaше збор за единствен од овој вид и досега најопфатен и најпродлабочен мониторинг што е спроведен во земјава, кој нуди релевантни квантитативни и квалитативни показатели за начинот на кој медиумите информираат за корупцијата.
Станува збор за директен мониторинг на написите за корупција објавени од 1 јануари до 31 декември 2008 година, во пет дневни весници („Дневник“, „Вечер“, „Време“, „Утрински весник“ и „Факти“). Предмет на анализата во рамките на истражувањето беа збирните резултати од мониторингот, а не резултатите на кој и да е одделен весник. Во мониторингот беа вклучени написи кои се однесуваат на корупцијата, на корупциските практики, на обвинувањата и сомничењата за корупција, на злоупотребата на јавни средства, како и на преземените антикорупциски мерки, активности и политики.

Објавените написи и нивната содржина, меѓу другото, се анализираа од следниве аспекти: страница на која е објавен текстот; големина на текстот; најава на текстот на насловната страница; илустрации на текстот; автор на текстот; жанровска припадност на текстот; број, статус, официјалност и локација на изворите во текстот; фер и балансиран пристап; повод за написот; областа во која се јавува примерот на корупција; актот на корупција; поседување на документи и докази за потврда на корупцијата, припадност на извршителот на корупцијата (сегашна или поранешна власт) и др.

Резултатите од мониторингот и анализата на начинот на којшто медиумите информираат за корупцијата упатуваат на генералната оценка дека медиумите во Македонија не ја остваруваат својата улога во борбата против корупцијата и дека сè уште постои широк простор за унапредување на професионалноста и на начинот на известување за корупцијата. Клучниот недостиг на сегашното известување на медиумите за корупцијата, од професионален аспект, е непочитувањето на основните професионални стандарди во новинарството. Во голем дел од текстовите отсуствуваат извори, како и основни новинарски принципи, како фер и балансиран пристап.

Освен тоа, изненадува и недоволното присуство на истражувачкото новинарство во оваа област, како речиси единствен начин за откривање и обелоденување на корупциските активности кои, според природата на нештата, не сакаат да бидат откриени, и оттука е потребно медиумите да вложат дополнителен напор за да ги разоткријат. Проблемот е уште посериозен ако се има предвид дека овој заклучок произлегува од мониторинг што е спроведен врз печатени медиуми, кои според својата природа треба да нудат поистражувачки и поаналитички текстови. Од друга страна, немајќи вакви важни информации, публиката (граѓаните) не може да носи релевантни одлуки за важни прашања од својот приватен, работен и општествен живот. Имајќи предвид дека од една страна има голем број написи за корупција, а од друга страна тие не се темелат врз новинарски истражувања и не се продлабочено и аналитички обработени, туку се иницирани од државните органи, може да се констатира дека во јавноста се создава впечаток оти медиумите имаат слобода отворено и без притисоци да информираат за корупцијата, а тие, всушност, креираат искривена слика за проблемите со корупцијата во Македонија.

Резултатите од мониторингот на медиумското известување за корупцијата во Македонија беа преставени на работилницата на која учествуваа уредници и новинари од сите релевантни медиуми во земјата, одржана во јуни во Скопје. Работилницата резултираше со усогласени препораки за унапредување и зајакнување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата во Македонија.

Во октомври 2009 година, 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава беа обучени за соодветна имплементација на препораките за зајакнување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата во Македонија.

За да се согледаат резултатите од проектот, на крајот се спроведе финален мониторинг на текстовите на обучените новинари по завршување на обуката, кој покажа забележително унапредување на начинот на известување за теми поврзани со корупција.

# ПРОЕКТ ЗА ТРАНСПАРЕНТНО ЛОКАЛНО ВЛАДЕЕЊЕ (2009-2012)

*Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис-заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу општините како во земјава, така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис-претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфоцентар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.*

Во првите четири месеци од спроведувањето на проектот од септември до декември 2009 година, во соработка со партнерските организации, се спроведе истражување на актуелните практики во четирите пилот-општини од источна Македонија: Штип, Струмица, Виница и Свети Николе, изведено според претходно изработена детална методологија.

Целта на истражувањето беше да се дојде до релевантни податоци за задоволство на граѓаните, на нивните здруженија и бизнис-заедницата од услугите што им ги нуди општината, како и да се детектираат евентуалните слабости во работењето на општините, а во насока на транспарентно, ефикасно и отчетно работење.

Во истражувањето се користеа посебни анкетни прашалници за секоја одделна група на испитаници: општините, граѓаните, граѓанските здруженија и фирмите. Ваквиот пристап овозможи да се дојде до релевантни сознанија за искуството на секоја одделна целна група; да се вклучат специфичностите на односите што секоја од овие одделни целни групи ги има со општината; да се дојде до сеопфатна слика за состојбите во општината и да се намали ризикот од еднострано во оценката на работата на општината.

Во истражувањето на јавното мислење на граѓаните од овие општини, беше користен целно избран примерок. Се анкетираа 959 граѓани, кои во рок од двете недели на истражувањето имаа контакт со општината.

Со оглед на релевантноста на нивното искуство и доброто познавање на работата на општината, во истражувањето на граѓанскиот сектор беа вклучени 80 активни невладини организации во општините (по 20 во секоја општина).

Во истражувањето на бизнис-секторот беше вклучен репрезентативен примерок од 85 компании, случајно избрани од регистрите на фирми кои се евидентирани во општинските канцеларии за Локален економски развој (ЛЕР).

Резултатите од истражувањето послужија, меѓу другото, да се утврди:
-Дали општината навреме и соодветно ги информира граѓаните за својата работа?
-Дали и на кој начин граѓаните се вклучуваат во донесувањето одлуки?
-Како соработува општината со граѓанските организации и со бизнис-секторот?
-Кои се слабостите во функционирањето на општините?
-Дали општината има вградени механизми за откривање на незаконско и неетичко работење?
-Дали се води активна антикорупциска политика и дали граѓаните се вклучени во оваа битка?
-Дали е општината отчетна за резултатите од работењето?
Резултатите од истражувањето ќе послужат како основа за изработка на препораки, со цел преземање мерки за надминување на утврдените слабости и унапредување на работењето на локалните власти.

# МОНИТОРИНГ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА ЦЕНТРАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО (2008-2010)

*Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и се анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, на централно ниво, преку директно присуство на отворањето на понудите, длабински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.*

Истражувањето генерално покажа недоволна транспарентност на државните органи во трошењето на јавните пари и широк простор за манипулации и злоупотреби во постапките за јавни набавки, а оттука и за унапредување на овој процес.

www.ccc.org.mk

Резултатите од спроведениот мониторинг, заедно со анализа на забелешките и со препораки за унапредување на процесот на јавните набавки и за намалување на просторот за злоупотреба и корупција, се објавени во четири квартални извештаи. Секој извештај беше проследен со прес-конференција или трибина преку кои медиумите, стручната и пошироката јавност, како и засегнатите органи, институции и организации беа запознаени со констатираните наоди и со препораките од проектниот тим.

Во текот на мониторингот се користеа неколку вида прашалници, кои беа наменети за различните засегнати страни во областа на јавните набавки.

Еден од прашалниците го користеа набљудувачите кога присуствуваа на јавните отворања, со цел да ги нотираат дејствијата кои се преземаат за време на јавните отворања и да ги соберат податоците потребни за натамошни анализи.

Втор прашалник беше изработен и дистрибуиран до економските оператори. Овие прашалници содржеа две групи на прашања: општи, поврзани со искуството и мислењето на фирмите за спроведување на јавните набавки во Македонија, и посебни, кои се однесуваа на искуството во конкретната мониторирана постапка за јавна набавка.

Трет прашалник беше наменет за договорните органи кои ги спроведуваа набавките. Овој прашалник беше испраќан до договорните органи по истекот на одреден разумен временски период од завршувањето на јавното отворање. И овој прашалник содржеше општ дел во кој се бараа информации за планот за јавни набавки, за бројот на постапките и сл., додека останатиот дел содржеше прашања и барања на податоци за конкретните постапки за јавни набавки кои беа мониторирани (одлука за избор или поништување, поднесени жалби и сл.).

Освен ова, со одреден број економски оператори беа остварени и директни средби, на кои се спроведуваа длабински интервјуа од кои се добија подетални и поопсежни сознанија и гледишта отколку што може да се добијат од одговорените прашалници. Средбите и длабинските интервјуа, сепак, најмногу беа користени како начин за прибирање информации од државните органи кои имаат одредени, поголеми или помали, надлежности во областа на јавните набавки. Дел од овие средби беа проследени и со размена на дополнителни официјални писмени информации. Меѓу институциите со кои се остварија вакви средби и чии информации придонесоа за подобра анализа се: Бирото за јавни набавки, Државната комисија по жалби за јавни набавки, Управниот суд, Државниот завод за ревизија, Јавното обвинителство, Министерството за финансии (Сектор за внатрешна ревизија), Финансиската полиција и Државниот правобранител.

Конечно, корисен извор на информации, барем во делот на економската анализа и правната заштита, беа официјалните публикации на Бирото за јавни набавки и на Државната комисија по жалби за јавни набавки (годишните извештаи на БЈН за 2008 и 2009 година, полугодишниот извештај на БЈН за периодот јануари-јуни 2008 година, двата електронски билтени издадени од БЈН во текот на 2009 година, Извештајот на ДКЖЈН за периодот ноември 2008-март 2009 година и јавно објавените решенија по жалби на ДКЖЈН за периодот јануари-март 2009 година).

## СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

*Тимот на Центарот за граѓански комуникации, заедно со десетина соработници, експерти и претставници на разни засегнати страни, одржа тридневна работилница за стратешко планирање, како резултат на која Центарот во 2009 година донесе многу значајни документи со кои се зацртува и се профилира неговото идно делување. Меѓу нив се Тригодишниот стратешки план (2010-2012), Стратегија и план за прибирање средства, Комуникациска стратегија, документи за евалуација и самоевалуација на перформансите во работењето, Годишна програма за 2010 година, како и низа други документи, политики и процедури за работа.*

*Во рамките на истиот проект за лидерски невладини организации, преземени се и многу други чекори за институционално и административно унапредување на работата на Центарот, пред сè во областа на материјално-финансиското работење и евиденција, известувањето, евалуацијата и мониторингот на активностите и сл.*



# НАШАТА РАБОТА ВО ПЕТГОДИШНОТО ПОСТОЕЊЕ

**Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи од меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа, препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и за унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава. Во оваа насока, Центарот досега има предложено стотици препораки за преземање мерки за унапредување на областите во кои делува и има обучено околу 150 новинари од печатени и од електронски, од национални и од локални медиуми од земјава. Освен преку своите проектни активности, претставниците на Центарот, како експерти, придонесуваат и кон низа активности спроведени од други организации: учество во работниот тим експерти кои ја креираа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, учество во комисијата за доделување на наградите за добро однесување во Македонија и др.**

Меѓу поважните досегашни активности спаѓаат:

### Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и од Романија (2008-2009)

Преку партнерство со Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 новинари од најрелевантните национални и локални медиуми од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија, за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во романски медиуми, каде што заедно со свои колеги од Романија, работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата „Исток-Исток“.

### Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)

Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупцијата во Македонија, преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и до медиумите, како и следење на нивното спроведување. Беа преземени голем дел од мерките, а како позначајни меѓу нив се: давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки, чиишто членови сега се избираат од Парламентот наместо од Владата, како што беше претходно; стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое до неодамна работеше во рамките на Министерството за финансии; отпочнување на иницијативата за намалување на бирократските процедури; овозможување законска заштита на студенти кои ќе пријавуваат корупција; засилена битка против градежната мафија и др. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.










www.ccc.org.mk

### Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)

Тренерите на Центарот спроведоа четири регионални обуки за триесетина новинари од локалните медиуми, за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и на зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Обуката резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија, објавен на македонски и на албански јазик. Проектот е финансиски поддржан од Програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

### Обука за новинари од локални медиуми за унапредување на професионалните вештини за известување за прашања од локален интерес (2007/08)

Во рамките на проектот, обучени се вкупно 68 новинари од 16 локални телевизии од сите градови во Македонија. Обуките се одвиваа на самото место во редакциите на локалните медиуми, како и на терен за време на нивната секојдневна работа. Тие беа насочени кон унапредување на вештините на новинарите за фокусирање на своите приказни врз интересот на граѓаните од локалната заедница и кон подобрување на информирањето на граѓаните за прашања кои се однесуваат на нивниот секојдневен живот, а за кои овие граѓани единствено можат да се информираат токму преку локалните медиуми. Проектот е финансиски поддржан од Програмата за мали грантови на Амбасадата на САД во Македонија.

### Подобрување на новинарските вештини за истражување и известување за корупцијата (2007)

Овој проект, всушност, значеше спроведување на индивидуалните планови за акција на претставниците на Центарот, кои ги изработија за време на обуката за подобрување на капацитетот за борба против корупцијата, спроведена од меѓународни експерти на Crown Agents. Во рамките на проектот, Центарот обучи група од осум новинари од водечки локални медиуми за истражување и известување за корупцијата, кои потоа изработија свои истражувачки приказни врз основа на наученото и врз основа на индивидуалните планови за акција изработени на обуката. Како резултат од проектот, ЦГК го издаде и „Прирачникот за новинари за истражување и известување за корупцијата“, кој го дистрибуираше до околу 200 новинари од сите медиуми во земјава. Проектот е поддржан од програмата World Learning и УСАИД Македонија.

### Истражувачки извештаи за корупцијата во Република Македонија (2005/06)

Проектот опфати длабински истражувања на корупцијата во неколку најранливи области: јавните набавки, составите на управните одбори на јавните претпријатија, давањето услуги од јавната администрација, градежништвото, образованието и здравството. Резултатите од истражувањата беа објавувани во аналитички извештаи за нивото, за формите и за генераторите на корупцијата. Извешатите наидоа на широка покриеност од македонските медиуми, со вкупно 108 новинарски извештаи. Поттикнати од извештаите, владини претставници најавија намалување на бирократските процедури, законска заштита на студенти кои ќе пријавуваат корупција, засилена битка против градежната мафија, а наодите од извештајот за корупцијата во здравството е искористен како доказ дека корупцијата е прв и најголем проблем кој треба да се решава во здравството.

## ШТО ЌЕ ПРАВИМЕ ВО 2010-ТА?

**Програмата за 2010 година произлегува од нашиот тригодишен стратегиски план за периодот 2009-2012 година.**

**Главните цели што сакаме да ги оствариме оваа година со спроведување на планираните активности се следниве:**

- **Натамошно унапредување на системот на јавни набавки во Македонија, не само на централно, туку и на локално ниво, во насока на поголема транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки;**
- **Унапредување на улогата на медиумите како важен општествен фактор во борбата против корупцијата;**
- **Воспоставување на принципи и механизми за „добро однесување“ во локалните самоуправи;**
- **Подигнување на свесноста за принципите на „доброто однесување“, како и за мерките и резултатите што се преземаат во таа насока.**

**Овие цели планираме да ги оствариме преку преземање на следниве меѓусебно поврзани активности:**

- **Мониторинг при спроведување на постапките за јавни набавки на централно и на локално ниво за детектирање на слабостите и на можностите за манипулации;**
- **Креирање на препораки за унапредување на системот на јавни набавки и намалување на просторот за корупција во оваа област;**
- **Зголемување на новинарските вештини за известување за јавните набавки и за корупцијата во Македонија;**
- **Утврдување на слабостите кај локалните власти и унапредување на нивната транспарентност, отчетност и одговорност, како и зголемување на учеството на граѓаните и на бизнис-секторот во процеот на донесувањето одлуки во рамките на локалните самоуправи;**
- **Пошироко запознавање на претставниците на сите целни групи со принципите на „доброто однесување“, мерките што се преземаат во оваа насока и позитивните искуства од другите земји преку издавање на специјален месечен антикорупциски билтен;**
- **Зголемување на капацитетот на претставниците на нашата организација.**

**Медиумите се многу важен партнер во нашата работа. Од една страна, значаен дел од нашите програми и активности вклучуваат обуки на новинари и унапредување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата во општеството. Од друга страна, медиумите се средство преку кое ја запознаваме пошироката јавност со резултатите од нашите истражувања и со мерките што препорачуваме да се преземат за да се намали просторот на корупција во Македонија. Во текот на 2009 година, највлијателните и најтиражните медиуми во земјава објавија преку 50 текстови и анализи кои се однесуваа на нашите активности. Еве само мал дел од нив.**

**Дневник, 24.06.2009**
**Јавните набавки добија тројка**
Во јавните огласи за лекови и за изградба на училишта се бараат ниски критериуми, а за набавка на чевли се потребни високи критериуми на понудувачот, беше истакнато на вчерашната презентација на резултатите од истражувањето на Центарот за граѓански комуникации, кое се однесува на јавните набавки во првите три месеци од годинава. Центарот даде средна оценка за спроведувањето на постапките за јавни набавки...

**Вест, 24.06.2009**
**Паѓаат 15% од јавните набавки**
Дури 15% од постапките за јавни набавки се поништуваат, а државните институции констатираат во своите одлуки дека ниту една понуда не е прифатлива и покрај тоа што се јавиле од 3 до 7 фирми. Ова го покажува истражувањето спроведено од Центарот за граѓански комуникации, кој вршеше мониторинг во периодот од јануари до март годинава...

**Нова Македонија, 24.06.2009**
**Да се избистрат матните критериуми при јавните набавки**
Многу ниски критериуми за оценување при јавните набавки за лекови и за изградба на училишта, а високи критериуми за оценување на квалитетот при набавката на обувки. Ова се само дел од примерите од кои се гледа дека при спроведувањето на јавните набавки, не секогаш постојат точно дефинирани критериуми за оценување, како што покажа истражувањето на Центарот за граѓански комуникации за јавните набавки во земјава, пренесе МИА.

**Утрински весник, 2.07.2009**
**Апатично новинарство**
...Дното можеби не е достигнато, но дека медиумите упорно одат кон него, посочуваат и последните анализи на Центарот за граѓански комуникации, кои се навистина поразителни за седмата сила. Текстови без извори на кои новинарите најчесто не се осмелуваат ниту да се потпишат, известувања за корупциски скандали кои се базираат само врз соопштенија, без консултации со втората страна, се доволна шлаканица за отрезнување. И за сериозно проветрување на новинарските редови.

**Алфа ТВ, 22.08.2009**
**ЦГК-медиумите сосем малку истражуваат случаи на корупција**
Од Центарот за граѓански комуникации заклучуваат дека македонските медиуми не ја остваруваат својата улога во борбата против корупцијата. Според истражувањето на невладината организација, написите за корупција не се темелат врз новинарско истражување. Само кај 8 проценти од објавените текстови новинарот сам решил да истражува случај на корупција.

**Форум, 22.10.2009**
**Државата треба да ја засили контролата врз процесот на јавни набавки**
„Државата треба да ја засили контролата врз процесот на јавни набавки, со што би се надминала сегашната состојба на исклучително мал број постапки за јавни набавки кои имаат судски епилог", беше заклучено на денешната презентација на Извештајот за јавни набавки во земјава...

**Време, 23.10.2009**
**Секој четврти тендер е поништен**
Се засилува трендот на поништување на постапките за јавни набавки, достигнувајќи загрижувачки 25 отсто. Во дури 40 отсто од набавките се користат спорни елементи за избор на најповолна понуда, а државата нема ефикасни механизми за контрола на водењето на постапките. Електронскиот систем на јавни набавки, кој треба да обезбеди транспарентност и непристрасност, речиси не се користи. Ова се констатира во Извештајот од набљудувањето на процесот на јавните набавки во државава, направен од Центарот за граѓански комуникации...

**Вечер, 24.10.2009**
**Во пораст поништување на постапките**
Од спроведениот мониторинг на процесот на јавни набавки, Центарот за граѓански комуникации констатира дека има зголемување на трендот во поништување на постапките на јавните набавки - на 25 проценти... Извештајот препорачува засилување на улогата на Бирото за јавни набавки преку доделување овластувања да врши надзор над процесот на јавни набавки, при што неговите препораки и инструкции ќе имаат обврзувачки карактер.

**Алсат М, 29.12.2009**
**Недоволна транспарентност на институциите во трошењето**
Недоволна отчетност на државните институции за трошењето на јавните пари преку постапките за јавни набавки, со што не се почитуваат обврските од Законот за јавни набавки. Ова е само дел од Извештајот за резултатите од редовниот мониторинг на процесот на јавни набавки, кој ќе биде презентиран во вторник во Скопје. Во истражувањето спроведено од Центарот за граѓански комуникации се дошло до заклучок дека е зголемен бројот на жалби по јавни набавки од страна на компаниите...

**Balkan Insight, 29.12.2009**
**Macedonia's Public Procurements 'Suspicious'**
A lack of transparency and proper regulation of state tendering commissions lead Macedonians to be highly suspicious of corruption within public procurement procedures, a local survey has shown. Often the commissions delay or annul tenders, draw up highly subjective criteria and fail to adequately explain their decisions, the Centre for Civil Communications, CCC, an NGO noted in its survey for the last quarter of 2009.

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
INSTITUTE FOR Sustainable Communities
CIVIL SOCIETY STRENGTHENING PROJECT

Оваа публикација беше овозможена со поддршка од Проектот за зајакнување на граѓанското општество, на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД) и спроведуван од Институт за трајни заедници (ИТЗ).

Мислењата што се овде изразени им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Институт за трајни заедници (ИТЗ) или на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД). Исто така, спомнувањето трговски марки или комерцијални производи не претставува поддршка или препорака за користење.